Уп. Бр.08-40/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Позаваровалница Сава, д.д., со седиште на ул. Дунајска цеста бр.56, Љубљана, Република Словенија, преку овластеното лице Даниела Тодоровска, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 29.03.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на поединечна целосна контрола од страна на Позаваровалница Сава, д.д., со седиште на ул. Дунајска цеста бр.56, Љубљана, Република Словенија над друштвото за проектирање и инженеринг на информациски системи Аппликатион Софтвваре Партнер д.о.о. Белград. (Application Software Partner d.o.o. Beograd), со регистрирано седиште на Бул. Краља Александра 17, Белград, Република Србија, по пат на купопродажба на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 22.02.2023 година, а дополнето на 10.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Позаваровалница Сава, д.д., со седиште на ул. Дунајска цеста бр.56, Љубљана, Република Словенија, со која Позаваровалница Сава, д.д. ќе стекне поединечна целосна контрола над друштвото Аппликатион Софтвваре Партнер д.о.о. Белград. (Application Software Partner d.o.o. Beograd) со регистрирано седиште на Бул. Краља Александра 17, Белград, Република Србија, по пат на купопродажба на удели.
Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Позаваровалница Сава, д.д.** е друштво со предмет на работа – реосигурување, чие присуство во Република Северна Македонија е остварено преку:

- Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво А.Д. Скопје, со седиште на Бул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, чија главна дејност е дејност на управување со фондови. Согласно статутот на друштвото, предметот на работење е уреден како основање и управување со отворени задолжителни и доброволни пензиски фондови и нивно преставување пред трети лица, како и други дејности поврзани со управување со пензиските фондови;
- Сава осигурување А.Д. Скопје, со седиште на Ул. Загребска бр. 28А, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, чија главна дејност е неживотно осигурување со предмет на работење во областа на осигурување на возила, осигурување на имот, патничко здравствено осигурување, осигурување од незгода, доброволно здравствено осигурување, осигурување на велосипед и велосипедисти, здравствено осигурување на миленици и корпоративно осигурување;
- Друштво за техничко испитување на возила, неживотни осигурувања на моторни возила Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. Загребска бр. 28Б-локал 20, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, чија главна дејност е техничко испитување и анализа преку услугите за технички преглед на возила, неживотни осигурувања: моторни возила, имот, земјоделство, транспорт, патничко, здравствено осигурување, осигурување од одговорност, сервис на возила како и пријава, проценка и ликвидација на штети.

**Друштво за проектирање и инженеринг на информациски системи Аппликатион Софтвваре Партнер д.о.о.** е друштво за вршење на проектирање, дизајн, имплементација, воведување и одржување на информациони системи, а покрај оваа основна дејност друштвото се бави и со консалтинг во делот на изградба на сложени информациски системи, примена на информатички технологии и продажба на Microsoft производи, се на територијата на Република Србија.

Друштво за проектирање и инженеринг на информациски системи Аппликатион Софтвваре Партнер д.о.о. нема поврзани правни лица ниту пак има остварено приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или

на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**